**Известување до сопствениците на удели во Отворениот инвестициски фонд НЛБ БРИК**

НЛБ Фондови АД Скопје ги информира сопствениците на удели дека, врз основа на усвоените измени на Проспектот и по добиено одобрение од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1/08-78 од 30.04.2026 година, стапија во сила значајни измени на Проспектот на Отворениот инвестициски фонд НЛБ БРИК, со датум на ажурирање 07.04.2026 година.

Како резултат на извршената пресметка на релевантната стандардна девијација на Фондот, утврдено е дека стандардната девијација на Фондот, на ден 07.04.2026 година, изнесува 14,69% на годишна основа. Со тоа, Фондот се класифицира во **ризична класа 5**, наместо претходната ризична класа 6.
Согласно Законот за инвестициски фондови и подзаконските акти донесени од Комисијата за хартии од вредност, промената на ризичната класа претставува **значајна промена на Проспектот**, која Друштвото е должно да ја објави на својата веб-страница.

Покрај промената на ризичната класа, во Проспектот се извршени и следните ажурирања:

- ✓ податоци за овластениот ревизор,
- ✓ волатилноста и синтетичкиот индикатор за ризик и принос,
- ✓ историските податоци за принос,
- ✓ структурата на вложувањата,
- ✓ податоците за управувачката структура на Друштвото.

Ажурираниот Проспект е јавно достапен во седиштето на Друштвото и на официјалната интернет страница www.nlbfondovi.mk.

**Напомена до сопствениците на удели**
Се повикуваат сопствениците на удели внимателно да се запознаат со ажурираниот Проспект, особено со делот што се однесува на профилот на ризик на Фондот. Остварените приноси во минатото се од информативен карактер и не претставуваат гаранција за идни приноси.

Сопствениците на удели во фондот имаат право во рок од 40 календарски дена од денот на оваа објава да побараат откуп на нивните удели без наплата на излезен надоместок.

За дополнителни информации, сопствениците на удели може да се обратат во седиштето на НЛБ Фондови АД Скопје или преку електронска пошта info@nlbfondovi.com.
Ова известување е објавено на ден **05.05.2026** година.

Со почит,
НЛБ Фондови АД Скопје